

MONUMENTAL MK

# СПОМЕНИЦИ И БРУТАЛИСТИЧКА АРХИТЕКТУРА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧ

# СОДРЖИНА

Вовед ............................................................................ 3

Скопје – главен град на брутализмот .............................. 4

1. Транспортниот центар на Кензо Танге ............................ 9
2. Народна и универзитетска библиотека ...................... 11
3. МАНУ – најнаградуваниот објект на арх. Борис Чипан ..13
4. Спомен-куќа – музеј на НОВ и револуцијата .............. 17
5. „Море од мраз“ во срцето на Скопје
– Национална опера и балет ................................................. 18
6. Маргарет Тачер и јас во ГТЦ .............................................. 23
7. Споменик на Жената борец, Жена парк ........................... 26
8. Симболот на брутализмот на главниот град:
Телекомуникациски центар ..................................................... 29
9. Во сеќавање на ослободителите на Скопје ...................... 32
10. И Папата Франциск во Католичката црква .................... 34
11. Историски архив – најдрагиот проект
на арх. Константиновски .......................................................... 36
12. Студентски дом „Гоце Делчев“ .......................................... 38
13. Белиот лебед на мирниот брег на Скопје – МСУ ........... 42
14. Чуварот на Скопското кале – Спомeникот
„Сила , слава и победа“ ............................................................ 47
15. Училишта во Скопје ............................................................. 48
16. Во 05:17 на 26 јули 1963 ..................................................... 52

Велес – „Македонската Герника“ покрај автопатот А1 ....... 55
Кавадарци – Вечен дом за борците од Тиквешијата ............ 59
Спомен-костурница во Кичево ................................................ 63
Тврдина на слободата во Кочани ........................................... 66
Крушево – Македониум – една од 10-те најуникатни згради
во светот ...................................................................................... 71
Танц на непокорот во Прилеп ................................................. 79
Огниште на татковината во Струмица .................................. 83
Победа и во последниот ослободен град – Тетово .............. 84
Свето место на штипскиот Исар ............................................ 88

Основни информации .............................................................. 92
За проектот ................................................................................ 94

# ВОВЕД

Добредојдовте во Монументал МК, тура за спомениците и бруталистичка архитектура на Северна Македонија!

Како дел од Балканската споменична тура, оваа рута го спојува заборавеното наследство на спомениците изградени во периодот на социјализмот со уникатната бруталистичка архитектура создадена на овие простори во овој период.

Во рамките на оваа тура можете подобро да запознаете триесетина локации во Скопје и во неколку градови во нашата земја, од кои дел се наоѓаат во близина на автопатот А1 („Пријателство“) што ги прави и идеално место за попатна пауза. За подобро доживување на овие локации, на располагање ви стојат печатен водич, мобилна апликација и веб-сајт.

Помогнете ни да го зачуваме и промовираме ова архитектонско наследство и неговата автентичност преку споделување на вашите впечатоци на социјалните медиуми, но и откријте ги нашите нови сувенири создадени токму за авантуристи како вас.

Уживајте во оваа тура!



# СКОПЈЕ

## ГЛАВЕН ГРАД НА БРУТАЛИЗМОТ

„Скопје не е филм, тоа не е трилер во кој го насетуваме главниот настан. Тоа е концентрат на човековата борба со природата, но и резултат што вдахнува за нова борба, а не за прифаќање порази“. Жан Пол Сартр, 1963.

На 26 јули 1963 година главниот град на нашата земја доживеа невидена катастрофа. Скопје беше погодено од катастрофален земјотрес кој ги одзеде животите на



над 1.000 луѓе и уништи преку 65 % од зградите во главниот град.
Земјотресот беше пресвртен момент во развојот на градот. Многу брзо започна обновата на градот во која беа изградени голем број објекти и споменици во модерна архитектура. На објавениот конкурс за реконструкција на Скопје (1965) познатиот јапонски архитект Кензо Танге ја освои првата награда, додека втората награда ја освоија Р. Мишевиќ и Ф. Венклер. Нивните тимови заедно со уште многу архитекти работеа на финалниот дизајн на Скопје. Во плановите на Танге, беа искристализирани две главни структури „Градска порта" (која требаше да ги опфати сите комуникации, деловни операции и транспорт) и „Градски ѕид" (како резиденцијален дел на градот). Од неговите планови беше изграден „Градскиот ѕид" и Транспортниот центар.

Обновата на градот им даде шанса на многу млади домашни и странски архитекти кои создадоа автентични архитектонски решенија на објекти и споменици. Голем дел од новите објекти беа изведени во стилот на брутализам преку масивни градби со изразено потенцирана конструкција и видливи сирови материјали, натур бетон и во одредени случаи комбинација од тула и натур бетон. Значителен дел од овие објекти се најдоа на мета на контроверзниот проект „Скопје 2014", проект кој ги замени фасадите на објектите со нови во неокласичен и барок стил во главниот град и за жал, неколку објекти засекогаш го изгубија својот автентичен изглед.

Во изминатите неколку години, особено кај странските туристи, се појави интерес за овој вид архитектура заедно со специфичната споменична архитектура од социјалистичкиот период во главниот град и нашата земја. Токму оваа тура е обид да ги привлече туристите кон заборавеното архитектонско наследство, но и да ги потсети дека Скопје го заслужува епитетот – главен град на бруталистичката архитектура.



**УЛ. НИКОЛА КАРЕВ БР. 20, СКОПЈЕ**
41.990649, 21.445378

# ТРАНСПОРТНИОТ ЦЕНТАР НА КЕНЗО ТАНГЕ

Старата железничка станица која се наоѓаше во центарот на градот (денешен Музеј на Град Скопје) започна со работа во 1940 година и претставуваше една од најстарите железнички станици на Балканот. По катастрофалниот земјотрес во 1963 година, во кој и таа беше оштетена, се започна со развој на нов план за градот.

Автор на овој објект е јапонскиот архитект Кензо Танге (1913 – 2005). Објектот се наоѓа на 1 км од центарот на Скопје. Истиот е пак, дел од мега структурата „Градска порта" која не ја доживеа својата комплетна реализација.

Железничката станица е изградена како надземна структура, со 10 колосеци, поставени на масивен бетонски мост со должина од 1.450 метри. Интересно е да се нагласи дека тоа претставува најголема мостовска конструкција во земјата, но и извонреден пример на бруталистичката архитектура во главниот град.

Новата железничка станица е градена во периодот 1971 – 1981 година, а првиот воз во Транспортниот центар пристигна на 27 јули 1981 година.
Во рамките на Транспортниот центар денеска се наоѓа Железничката, Меѓуградската и Градската автобуска станица.

**БУЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ БР. 6, СКОПЈЕ**
41.997946, 21.439237




# НАРОДНА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА

Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје (НУБСК) се наоѓа во центарот на градот, од левата страна на реката Вардар, во близина на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Библиотеката е основана со одлука на АСНОМ во 1944 година. Во скопскиот земјотрес зградата на библиотеката беше уништена заедно со дел од библиотечниот фонд, по што библиотеката била префрлена во наменски монтажни објекти. Новата зграда на НУБСК свечено е отворена на 27 декември 1971 година.

Автор на овој објект е Петар Муличкоски (1929), познат македонски архитект и професор на Архитектонскиот факултет. Тој е добитник на наградата „Андреја Дамјанов" за животно дело.

Во објектот на НУБСК, Муличкоски користи армиранобетонски скелет за да формира тремови и чардаци, врз чија фасадна површина аплицира пластика и колорит, инспирирани од историјата. Објектот се одликува со извонредна функционалност и претставува еден извонреден пример на бруталистичка архитектура во главниот град. Изведен е во натур бетон со видлива примена на орнаменти од градителската традиција што овозможува ефикасна комуникација на минатото со сегашноста што е реткост во современата македонска архитектура.

**БУЛ. КРСТЕ МИСИРКОВ БР. 2, СКОПЈЕ**
41.996357, 21.441803



# МАНУ

## НАЈНАГРАДУВАНИОТ ОБЈЕКТ НА АРХ. БОРИС ЧИПАН

Уште еден значен објект на македонската модерна архитектура е зградата на МАНУ – Академија на науките и уметностите на Република Северна Македонија која се наоѓа на левата страна на реката Вардар во близина на Судската палата.
Објектот е завршен во 1976 година.

Автор на објектот е Борис Чипан (1918 – 2012), еден од најголемите македонски архитекти и поранешен редовен професор на Архитектонскиот факултет. Познат е по голем број проектирани објекти во земјата, како и по својата конзерваторска работа.
Овој објект претставува импресивно архитектонско остварување под силно влијание на брутализмот. Според проф. Токарев, просторно-временските односи на објектот и неговата второстепена пластика асоцијативно се поврзуваат со традиционална народна архитектура кон што придонесуваат модерните тремови, чардаци и избраздената наклонета кровна површина. Објектот содржи мали



и голема конференциска сала, библиотека и читална, скулпторска градина итн.

Станува збор за најнаградуваниот објект на Чипан за кој ја добива најпрестижната југословенска награда за архитектура „Борба“ (1977).

За својот објект Борис Чипан вели „Залудно е да се бараат аналогии по содржини. Академијата е монумент на современата и идната македонска наука и уметност. Помислувам на тврдина и ми се чини премногу студено. Шареноликата декорација на византиската црква би била демагогија. Ги отфрлам сите конкретизирани аналогии и се препуштам на: нагонот, кој во себе има веќе наталожено многу средби со историската архитектура. И кога делото е завршено, откривам дека во манастирските конаци на Св. Јован Бигорски стариот македонски мајстор создал импресивна монументалност во костен – дрво. Согледувам „чардак ни на небо, ни на земја“ од народните сказни, а во ентериерот, наместо студената празнина од феудалниот дворец, е создадена топлата интима на патријархалниот македонски дом“.

**ПАРК МКЦ, СКОПЈЕ**
41.997087, 21.442618



# СПОМЕН-КУЌА

## МУЗЕЈ НА НОВ И РЕВОЛУЦИЈАТА

Спомен-куќата – музеј на Народноослободителната војна и револуцијата се наоѓа во центарот на Скопје во паркот помеѓу МАНУ и Судската палата. Објектот е отворен на 28 септември 1981 година.

На ова место се наоѓала куќата во која во текот на Втората светска војна се состанувало раководството на Покраинскиот комитет на Комунистичката партија на Југославија за Македонија. Меѓу другото, тука во пролетта 1941 година била донесена одлуката за кревање на вооружено востание на македонскиот народ. Објектот е подигнат во сеќавање на овие значајни настани во Втората светска војна.

Автори на овој објект се поранешниот професор на Архитектонскиот факултет во Скопје Александар Николски (1937 – 2018) и Владимир Пота, архитект од Скопје.

Овој објект често се наведува во примерите за модерна архитектура од Скопје особено во странски публикации.




**БУЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ БР. 4, СКОПЈЕ**
41.997420, 21.436233

# „МОРЕ ОД МРАЗ“ ВО СРЦЕТО НА СКОПЈЕ

## НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ

Овој објект се наоѓа на левата страна на реката Вардар и претставува едно од најубавите зданија на главниот град.

Како дел од пост-земјотресната обнова на централното градско подрачје, во 1967 година беше распишан конкурс за архитектонско-урбанистичко решение на Културен центар на кејот на реката Вардар. На конкурсот пристигнале повеќе од 40 трудови, а првата награда е доделена на „Биро 77“ од Љубљана, на авторите Штефан Кацин, Јуриј Принцес, Богдан Сплиндер и Маријан Уршиќ.

Се смета дека инспирација за надворешниот изглед на објектот претставува сликата „Море од мраз“ од Каспер Дејвид Фридрих. Објектот е каскадно обликуван со што внесува динамичност во просторот. Неговата надворешност ги надополнува ортогонално поставените нови објекти кои се наоѓаат во блиското опкружување. Пред себе отвора и плоштад кој ги обединува околните објекти и формира

врска со реката, другата страна на градот и со своите посетители. Објектот е изведен во масивен конструктивен систем (носиви ѕидови од бетон), а надворешната обработка на фасадните ѕидови е со бела завршница. Објектот вклучува Голема сала со капацитет од над 700 седишта, фоаје, како и простории за посетителите и простории за подготовка и изведба на уметностите.

Градбата на објектот е завршена во 1979 година. Комплексот денес вклучува: Музичко-балетско училиште, Комерцијална банка, Филхармонија итн. Националната опера и балет е средиште на културниот живот на Скопје повеќе од 40 години.





**КЕЈ 13 НОЕМВРИ, СКОПЈЕ**
41.994988, 21.434913

# МАРГАРЕТ ТАЧЕР И ЈАС ВО ГТЦ

Градскиот трговски центар (ГТЦ) се наоѓа во центарот на градот, од десната страна на реката Вардар.

Во текот на шеесеттите години на минатиот век започнува да се развива идеја за изградба на поголем трговски објект во центарот на градот. Во овој период, Скопје се зацврстува како регионален центар, но и соодветно влијание на развојот на идејата за овој објект имаат и последиците од катастрофалниот земјотрес во 1963 година. Како резултат на тоа, во 1966 година била прифатена идејата за изградба на регионален трговски центар, со угостителски, трговски и занаетчиски дуќани, а веќе во 1967 година бил објавен општ југословенски конкурс за идејно решение. Од 23 пристигнати конкурсни решенија беше избран



трудот на познатиот архитект Живко Поповски (1934 – 2007) (во соработка со З. Гелевски, Л. Марковска, Т. Арсовски и др). За овој објект Поповски ја доби државната награда „11 Октомври“.

Изградбата била официјално започната на 11 октомври 1969 година, а на 27 април 1973 година бил пуштен во официјална употреба.

ГТЦ е препознатлив по слободата на движење која ја нуди поврзувајќи го паркот Жена борец со кејот на Вардар, а 70 % од неговата површина е отворен, јавен простор. Изведен е како објект од монтажен тип, со челична конструкција и монтажни панели од лесен бетон. Поради отвореноста, оригиналните архитектонски решенија, интеграцијата на постојните пет станбени кули изградени пред земјотресот, речиси и да не можете да ја осетите големината на објектот додека се движите низ него.

Интересно е да се напомене дека за време на првата официјална посета на британски премиер на Југославија, во септември 1980 година Маргарет Тачер го посети и Скопје, а во ГТЦ се сретна со граѓаните на нашиот главен град.

Треба и да се нагласи дека во рамките на проектот „Скопје 2014“ беше предвидено и овој објект да добие барокна фасада. Граѓаните на Општина Центар и Скопје со повеќе иницијативи, вклучувајќи ја и „Го сакам ГТЦ“, успеаја да го спасат овој објект.

Градскиот трговски центар претставува културна икона и еден од најпрепознатливите објекти за градот Скопје и модерната македонска архитектура.



**ПАРК ЖЕНА – БОРЕЦ, СКОПЈЕ**
41.993703, 21.434099

# СПОМЕНИК НА ЖЕНАТА БОРЕЦ

### *ЖЕНА ПАРК*

На повеќе места во земјата се поставени споменици во чест на учеството на жените во Народноослободителната борба (НОБ). Голем број жени се приклучиле на партизанското движење. Официјално во НОБ учествувале 5752 жени од кои околу 300 загинале, 7 биле прогласени за народни херои, а 141 жена е носител на Партизанска споменица 1941 година.

Таков е и овој споменик. Се наоѓа во паркот познат како Жена парк помеѓу Собранието и Градскиот трговски центар во Скопје. Изграден е во мермер, а свечено е отворен на Денот на жената, 8 март 1970 година.

Автор на овој споменик е Боро Митриќески (1927 – 2018), македонски скулптор и поранешен член на Академијата на науките и уметностите (МАНУ).

**БУЛ. ВМРО ББ, СКОПЈЕ**
41.998384, 21.429818




### СИМБОЛОТ НА БРУТАЛИЗМОТ НА ГЛАВНИОТ ГРАД

# ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ЦЕНТАР

Телекомуникацискиот центар се наоѓа во центарот на Скопје и претставува еден од најзначајните објекти изградени во постземјотресната обнова на главниот град.

Автор на овој објект е македонскиот архитект Јордан Константинов (1926) познат по својот бруталистички стил. Тој е автор и на неколку други објекти во Скопје во сличен стил: Медицинското училиште, Гимназијата „Никола Карев“, Протестантската црква, но и на објекти во САД, Шведска итн.

Проектот е започнат во октомври 1968 година и до 1972 година се изработени три варијанти на проектот. Истиот е реализиран во повеќе фази.



Во првата фаза, се изградени Кулата (висина од 7 ката) и блокот (висина од 4 ката) во кој е сместена телекомуникациската опрема.

Потоа е реализирана и „Шалтер - салата" која се наоѓа на западната страна, во непосредна близина на булеварите „Гоце Делчев" и „Илинден". Препознатлива е по својата кружна форма и претставува надополнување на фигуративната игра на елементите – вертикалата на телекомуникациската кула, правоаголниот телекомуникациски блок и предвидената административна зграда (во квадратна форма). Во салата беа поставени и мурали со мотиви од Народноослободителната борба од познатиот македонски академски сликар Борко Лазески (1917 – 1993), кои беа уништени во пожар во 2013 година.

Телекомуникацискиот центар е изграден во натур бетон. Фасадните платна се третирани во широки потези, а површините на бетонот се искрено покажани. Популарно познат и како „Скопската пошта", Телекомуникацискиот центар претставува еден од најспецифичните локални интерпретации на бруталистичкиот наратив и симбол на модерната архитектура на Скопје. За многу скопјани токму овој центар претставуваше гордост на градот и објект пред своето време.

Макетата на овој објект беше претставена и на изложбата „Кон бетонската утопија: Архитектурата во Југославија, 1948 – 1980" во Музејот на современата уметност (МоМА) во Њујорк во периодот 2018 – 2019 година, како и на голем број други изложби во светот.



# ВО СЕЌАВАЊЕ НА ОСЛОБОДИТЕЛИТЕ НА СКОПЈЕ

Споменикот се наоѓа пред источната страна на зградата на Владата.

Главниот град во Втората светска војна беше ослободен на 13 ноември 1944 година, датум кој се одбележува како Ден на ослободувањето на Скопје. Во чест на неговите ослободители во 1955 година беше подигнат овој споменик.

Оваа споменична композиција е составена од 7 скулптури. На чело на композицијата е поставен борец кој со пушка во рака ги охрабрува борците на јуриш. Следат жена и дете со одлучен став со оружје во раце. Потоа, следи борец кој со едната рака придржува ранет другар, а со другата фрла бомба, како и борец во умирање кој со своите последни сили го држи знамето. Конечно, прикажан е и младинец кој извлекува оружје од појасот и се спрема за напад.

Скулптурите се изработени во бронза и се со натприродна големина.

Автор на овој споменик е хрватскиот сликар и вајар Иван Мирковиќ (1893 – 1988).

Станува за еден од најпопуларните споменици од овој период во Скопје. Споменикот е во одлична состојба и на овој простор редовно се одржуваат разни манифестации.

**БУЛ. ИЛИНДЕН БР. 2, СКОПЈЕ**
41.999915, 21.429107

# И ПАПАТА ФРАНЦИСК ВО КАТОЛИЧКАТА ЦРКВА

Католичката црква е уште еден пример на модерната архитектура на Скопје создадена во текот на седумдесеттите години на XX век. Објектот се наоѓа во центарот на главниот град на булеварот „Митрополит Теодосиј Гологанов“.

Старата католичка катедрала „Пресвето срце Исусово“ била изградена во 1902 година и се наоѓала на ул. „Македонија“. Уништена е во скопскиот земјотрес, по што се пристапило кон изградба на нов објект. Црквата е проектирана е во 1973 година, а изградена во периодот од 1975 – 1977 година. Проектанти на објектот се Благоја Мицевски (1931 – 2002) и Славко Ѓуриќ (1931 – 1980). Благоја Мицевски во текот на својот работен век создава разновидни објекти, а е учесник и на голем број конкурси од областа на архитектурата и урбанизмот. При креирањето на идејното решение, проектантите употребуваат еден слободен пластичен израз со меки искривени линии, на сличен начин како што Кензо Танге тоа го има направено кај црквата Св. Марија во Токио.

За овој објект Благоја Мицевски добил Златна плакета од Ватикан. Добитник е и на наградата за животно дело „Андреја Дамјанов“.

Папата Франциск за време на неговата апостолска посета на нашата земја на 7 мај 2019 година, во дворот на Катедралата оствари екуменска и меѓурелигиска средба со младите. Во таа пригода, тој нагласи „Ми дава голема надеж тоа што гледам млади кои ги отстрануваат претходно залепените етикети и не ги поднесуваат повеќе поделбите од минатото и сегашноста и одат над тоа“.



**УЛ. ПЕТАР ПОП АРСОВ БР. 47, СКОПЈЕ**
41.994939, 21.417873

# ИСТОРИСКИ АРХИВ

## НАЈДРАГИОТ ПРОЕКТ НА АРХ. КОНСТАНТИНОВСКИ

Во овој објект е сместен Архивот во Скопје, кој претставува одделение на Државниот архив на Република Северна Македонија. Формирана во 1952 година, оваа институција е надлежна за заштита на архивскиот материјал на подрачјето на Скопје и неговата околина. Објектот се наоѓа на аголот на булеварот „Партизански одреди“ и улицата „Московска“.

Автор на објектот е познатиот македонски архитект и професор Георги Константиновски (1930). Професорот Константиновски магистрирал на Универзитетот Јејл и е автор на поголем број објекти во земјата во стилот на брутализам, вклучувајќи го и Студентскиот дом „Гоце Делчев“ во Скопје.

Објектот е од 1967 година и станува збор за еден од првите објекти во модерен стил завршени по скопскиот земјотрес. Тој изненадува со својата јасност и чист стил и претставува еден вид скулптура во урбаниот простор, изведен во натур бетон. Архитектонската композиција на објектот е предвидена од низок и висок габарит. Нискиот габарит е проектиран од два крстосани паралелопипеди поставени еден над друг, а високиот од четиристрана призма со висина од осум ката. Посебен акцент е ставен на бетонските ѕидови и снажните столбови коишто со својата ребресто-трепетлива структура треба да предизвикаат чувство на сигурност и стабилност.

За овој објект, самиот автор вели дека Архивот му е најдрагиот изведен проект во кариерата. Проектот на Историскиот архив бил изложен на поголем број изложби во земјата и странство.



**УЛ. МОСКОВСКА БР. 1, СКОПЈЕ**
42.003102, 21.390746



**УЛ. МОСКОВСКА, СКОПЈЕ**
41.999478, 21.390789

### СТУДЕНТСКИ ДОМ

# „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

Студентскиот дом „Гоце Делчев“ се наоѓа во населбата Тафталиџе, на булеварот „Митрополит Теодосиј Гологанов“.

Изградбата на објектот е свечено започната на Денот на ослободувањето на Скопје, 13 Ноември 1969 година. Објектот е дел од постземјотресната обнова на главниот град, а слично со дел од другите објекти од овој период проектиран е и изведен во препознатливиот стил на брутализмот. Објектот е завршен во 1973 година.



Автор е Георги Константиновски (1930), познат македонски архитект и професор, автор на поголем број објекти во земјата.

Објектот има капацитет за вдомување на 1200 студенти, организиран во 4 блока со капацитет од 300 студенти. Домот содржи еднокреветни, двокреветни и брачни соби, како и кујна, ресторан, библиотека, спортски игралишта, парк итн.

Архитектурата на објектот го одразува животот на студентите со посебни драматични детали и карактеристики. Блоковите се распоредени на соодветно растојание, впишувајќи го симболот на бесконечност и формирајќи централен двор. Атриумот е парцијално отворен, притоа докрај дефиниран преку снажни мостовски конектори помеѓу високите кули. Студентскиот дом на професор Константиновски претставува препознатлив симбол на Скопје и на бруталистичката архитектура и како таков е застапен во голем број изложби и публикации во светот.
Во врска со својот однос кон архитектурата, архитектот Константиновски вели: „Колку е едно општество на повисок културен степен, толку е и архитектурата на повисоко ниво. Затоа архитектот задолжително треба да ја познава архитектурата на изминатите цивилизации за да може со своите проекти самиот да се лоцира во времето во кое твори“.



**БЕЛИОТ ЛЕБЕД НА МИРНИОТ БРЕГ НА СКОПЈЕ**

# МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

Музејот на современата уметност (МСУ) претставува уште еден пример на модерната архитектура во нашиот главен град.

Неколку месеци по скопскиот земјотрес, во есента 1963 година Комисијата за изработка на основачката програма на МСУ започнува со работа. Идејата за основање на музејот е родена и поради големиот дел на уметнички дела кои му биле донирани на Скопје по земјотресот од меѓународни организации, музеи и поединци. Според кажувањето на Борис Петковски, првиот директор на МСУ, во 1965 тој во Париз остварил средба со Ле Корбизје за да го покани да биде автор на проектот, но тоа големиот архитект не можел да го прифати поради други обврски.
Како резултат на тоа, во 1966 година е распишан меѓународен конкурс на кој се пријавиле 89 труда. Избран е проектот на „Варшавските тигри"– архитектите Јержи Мокшински, Евгениуш Вјежбицки и Вацлав Клишевски. Изградбата на објектот е започната на 5 април 1969 година, а музејот е свечено отворен на 13 Ноември 1970 година – Денот на ослободувањето на Скопје. Објектот е донација на Владата на Полска.

**УЛ. САМОИЛОВА ББ, СКОПЈЕ**
42.003951, 21.432781



На предлог на полскиот архитект и урбанист Адолф Циборовски, за локација на МСУ е избрана највисоката точка на брдото Кале во средиштето на скопската долина. Избраната локација овозможила од една страна оваа модерна градба да се спротивстави на минатото (непосредната близина на средновековната и османлиската тврдина), а од друга страна да се подигне објект кој според својата местоположба може да се споредува со атинскиот Акропол.

Зградата на МСУ ја сочинуваат три поврзани објекти, во кои се распоредени салите за повремени изложби, просторот за постојана поставка, салата за предавања, библиотека и архива и другите простории. Надворешните површини служат за спроведување на разни вајарски проекти. Во МСУ се изложени дела на уметници од XX век.

На свеченото отворање на оваа зграда во 1970 година, академик Блаже Конески рече: „Една ваква зграда се прави за широка комуникација со светот. Таа не е забутана во балканско сокаче, ами е исправена на овој брег откаде што со еден широк поглед се опфаќа и старото и новото Скопје и широките предели наоколу. Како бел лебед нека се раскрилува оваа зграда на мирниот брег на градот Скопје“.



**КАЛЕ, СКОПЈЕ**
42.000662, 21.432751

### ЧУВАРОТ НА СКОПСКОТО КАЛЕ

# СПОМЕНИКОТ „СИЛА , СЛАВА И ПОБЕДА“

Автор на споменикот „Сила, слава и победа“ е познатиот македонски скулптор Јордан Грабулоски (1925 – 1986). Посветен е на победата над фашизмот. Овој бетонски споменик е висок 4 метри и поставен во 1954 година. Споменикот се наоѓа на скопското Кале, на местото каде што бил Археолошкиот музеј, урнат во земјотресот. Тој заедно со Искра Грабулоска е автор на познатиот споменички комплекс „Илинден“ – Крушево.



# УЧИЛИШТА ВО СКОПЈЕ

Како дел од општиот тренд на изградба на нови објекти во стилот на брутализам, по земјотресот во Скопје беа изградени неколку средни училишта во овој стил:

- Средно медицинско училиште во Скопје (автор: Јанко Константинов, 1970);

- Гимназија „Никола Карев“(автор: Јанко Константинов, 1968 – 70)

- Гимназија „Орце Николов“ (автори: Никола Богачев и Александар Смилевски, 1969 – 71) и др.

**УЛ. НИКОЛА РУСИНСКИ БР. 2, СКОПЈЕ**
42.004573, 21.400233



**УЛ. 50 ДИВИЗИЈА БР. 2А, СКОПЈЕ**
41.990876, 21.422933



**БУЛ. ИЛИНДЕН БР. 101, СКОПЈЕ**
42.006231, 21.412440

# ВО 05:17
# НА 26 ЈУЛИ 1963

Споменикот „26 јули“ се наоѓа во рамките на гробиштата Бутел во Скопје.

Посветен е на жртвите на скопскиот земјотрес во 1963 година. Споменикот е излиен во бетон – оставен видлив. Завршен е во 1965 година, а автор на споменикот е Георги Груин.

Иако на прв поглед се чини дека овој споменик е симетричен, тоа не е така. Споредете ги левата и десната страна на споменикот. Преку применетите форми, како и користењето на пукнатини, споменикот создава чувство на нестабилност и кршливост директно алудирјаќи на последиците од земјотресот во кој беа уништени 80 % од зградите, а повеќе од 1000 луѓе ги загубија животите. Тука се наоѓа и нивниот вечен дом.

На овој простор редовно се одржуваат комеморативни активности поврзани со овие трагични настани кои се силно врежани во сеќавањата на скопјани.



**ГРОБИШТА БУТЕЛ, СКОПЈЕ**
42.033145, 21.436296



ВЕЛЕС

# „МАКЕДОНСКАТА ГЕРНИКА“ ПОКРАЈ АВТОПАТОТ А1

**Локација**
2 км од А1, 43 км од Скопје.

Спомен-костурницата на паднатите партизани во Велес се наоѓа во непосредна близина на автопатот „Пријателство“ (А1) и претставува идеална можност за попатна пауза.

**Историја**
Идејата за градење на овој грандиозен споменик датира уште од крајот на Втората светска војна. Дел од средствата за негова изградба се собрани со доброволни прилози. Подигнат е во сеќавање на 378 паднати борци и 209 жртви на фашизмот од овој крај. Темелот за споменикот е поставен во 1976 година, а објектот е завршен во 1979 година. Свечено е отворен на Денот на востанието, 11 Октомври 1979 година, од страна на претседателот на Здружението на борци на Југославија, Коста Наѓ. Во ноември истата година биле пренесени посмртните останки на борците од Велес и Велешко од црквата „Св. Пантелејмон“ и сместени во Спомен-костурницата под централниот симбол кој претставува едно расцутено дрво што ја симболизира слободата. Тука се наоѓа и гробот на познатиот македонски поет Кочо Рацин.

**УЛ. ГАНЧО ХАЏИ ПАНЗОВ, ВЕЛЕС**
41.723164, 21.788925



**Автор/и**

Автори на Спомен-костурницата се Саво Суготин – архитект, Љубомир Денковиќ – скулптор (1936) и Петар Мазев – сликар (1927 – 1993).

**Опис**

Објектот претставува конструкција од армиран бетон. До него водат стрмни скали. Самата форма на спомеников претставува афионов цвет, кој во еден даден момент се распукнува, што симболизира раѓање на нешто ново, а присутна е и асоцијацијата на распукан шлем – симбол на победениот фашизам. Тоа е идејата на двајцата автори од Нови Сад: Денковиќ и Суготин.

Внатрешното ликовно обликување е претставено преку мозаикот на Мазев кој е еден од најголемите мозаични комплекси во Северна Македонија со над 220 метри квадратни. Тој е направен од природен и вештачки камен од венецијанска паста, во повеќе бои, преку кои едни од други се одвојуваат симболите и формите. Претставува една композиција од пет слики преку кои авторот ни ја прикажува историјата на македонскиот народ, почнувајќи од турскиот период, па сè до повоениот југословенски период. Поконкретно, петте слики обработуваат мотиви од турското ропство (данок во крв), Велес во меѓувоениот период како силно упориште на Комунистичката партија (во доминантна црвена боја), фашистичката окупација претставена со доминантен шлем во композицијата, победата на револуцијата олицетворена во жена со крената рака и повоената изградба.

За многу посетители овој мозаик претставува „македонската Герника“.



**КАВАДАРЦИ**

# ВЕЧЕН ДОМ ЗА БОРЦИТЕ ОД ТИКВЕШИЈАТА

***Локација***
11 км од А1, 96 км од Скопје

Спомен-костурницата во Кавадарци претставува монументален споменик кој се наоѓа во непосредна близина на автопатот „Пријателство“ (А1), издигнат на надморска височина од 305 метри, во рамки на Градскиот парк во Кавадарци од каде се гледа панорамата на градот и Тиквешијата. Во објектот беа сместени посмртните останки на загинатите борци и жртвите на фашизмот во периодот од Народноослободителната војна (1941 – 1945) од овој крај.

***Историја***
Објектот е отворен на 7 Септември 1976 година во чест на 31-годишнина од ослободувањето на градот. Претставува стилизирана македонска куќа оградена со ѕидови со дебелина од 3 метри, со чист и јасен архитектонски израз изведен во натур бетон, оригинален претставник на тогаш новиот брутализам.

**УЛ. МЕТОДИЈА ЏУНОВ ЏИКО, КАВАДАРЦИ**
41.432735, 22.022673

### ***Автор/и***

Автор на објектот е професорот на Архитектонскиот факултет во Скопје, Петар Муличкоски (1929) кој бил избран на јавен конкурс. Тој е автор и на зградата на Владата, како и Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" во Скопје.

### ***Опис***

Во долниот заграден дел се влегува преку две железни врати (јужна и северна) на кои се претставени гроздови. Во отворениот дел е сместена галеријата на хероите каде се поставени дваесетина мермерни плочи на кои се испишани имињата на загинати борци по азбучен ред. Во подземната крипта беа сместени посмртни останки на партизаните кои дотогаш се наоѓаа во црквата Св. Димитрија. Тука е изведен и амфитеатар за одржување на историски час и други приредби, како и повеќе паноа од бетон. Во текот на деведесеттите години на минатиот век останките беа пренесени во Музејот во Кавадарци поради лошата состојба на објектот. Во затворениот горен дел се влегува преку скалила во средината на објектот кои спирално водат нагоре. Овој дел со висина од 12 метри е инспириран од традиционалната охридска куќа. Поделен е на два ката кои асоцираат на чардаци.

Граден во бетон, објектот претставува израз на тенденцијата на авторот да ги трансформира традиционалните архитектонски решенија во белези и значки и истите во објектот се апплицирани во вид на семантички знак – симбол или орнамент вграден со цел да се почувствува континуитетот на градителската традиција. Современите светски тенденции (особено конструктивизмот и брутализмот) во архитектурата извршиле големо влијание врз творештвото на Муличкоски.





# СПОМЕН КОСТУРНИЦА

### ВО КИЧЕВО

**Локација**
120 км од А1, 112 км од Скопје, 63 км од Охрид.
Спомен-костурниците како објекти започнуваат да се градат во периодот помеѓу двете светски војни, а поинтензивно по Втората светска војна. Во суштина претставуваат посебен вид гробници (капели), најчесто со симболична содржина и се обликувани во монументални објекти. На повеќе места во земјата во овој период се изградени спомен-костурници (Велес, Кавадарци, Струмица, Кичево итн.)
Спомен-костурницата во Кичево се наоѓа во центарот на градот, на ридот Китино Кале.

**Историја**
Објектот е изграден во чест на паднатите борци во Народноослободителната борба од кичевскиот крај. Неговата изградба е завршена во 1968 година. Во објектот се сместени посмртните останки на 511 борци (од кои 196 не се од кичевскиот крај) вклучувајќи ги и народните херои Мирко Милевски и Ибе Паликуќа.

**УЛ. 29 НОЕМВРИ, КИЧЕВО**
41.512957, 20.966251



**Опис**

Станува збор за објект во полукружен објект изграден од обработен камен бетон, во полукружна форма, покривна бетонска плоча на столбови и широко уредено плато. На ѕидот на Костурницата е поставен бронзен релјеф изработен од вајарот Јордан Грабулоски. На релјефот се прикажани мотиви на борба со непријателот, оплакување на жртвите и носење на ранетите.

Над Костурницата се наоѓа плато кое нуди поглед на градот и поширокиот пејзаж.

Сојузот на борците редовно го одбележува Денот на востанието со посета на Спомен-костурницата во Кичево.

Доколку објектот го посетувате со автомобил, имајте предвид дека најблискиот паркинг се наоѓа на 5 – 10 мин. пешачење.

# ТВРДИНА НА СЛОБОДАТА

## ВО КОЧАНИ

### *Локација*
69 км од А1, 102 км од Скопје, 64 км од Граничен премин „Делчево“

Споменикот на слободата претставува монументален споменик посветен на борбата за слобода на македонскиот народ од Илинденското востание до Народноослободителната борба кој се наоѓа на ридот Локубија во Кочани, на надморска височина од 524 метри.

### *Историја*
Изградбата на споменикот е започната во 1975 година и финансирана е од Собранието на Општина Кочани и граѓаните преку самоуправна спогодба. Бил распишан јавен конкурс на кој се пријавиле поголем број автори од поранешна Југославија, а Комисијата го избрала решението на авторите Радован Раѓеновиќ и Глигор Чемерски. Објектот е свечено отворен на Денот на Републиката – 28 ноември 1981 година.

### *Автор/и*
Радован Раѓеновиќ (1940) е познат македонски архитект, автор на поголем број објекти во земјата, Русија, Украина и Ирак. Глигор Чемерски (1940 – 2016) беше афирмиран македонски сликар и вајар со импозантен опус за кој бил наградуван и во земјата и странство. Тој беше и член на Одделението за уметности на МАНУ.



**УЛ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ, КОЧАНИ**
41.918931, 22.407146

***Опис***

Споменикот претставува голем комплекс од отворени ѕидни конструкции поставени околу централен амфитеатар. Конструкцијата наликува на остатоци од храм и е целосно отворен кон природата формирајќи амбиентална целина со околината и поширокиот хоризонт. На ѕидовите се поставени мозаиците на Глигор Чемерски – вкупно девет кои зафаќаат површина од 335 м2. На мозаиците се прикажани значајни моменти од ослободителната борба на македонскиот народ (фриз Слобода, отпор – Илинден, Револуција, олтар на жртвите итн). Станува збор за еден од најголемите мозаици во земјата кој импонира со динамичната експресија на боите и движењето, како и користените апстрактни фигури. Во композицијата, Чемерски комбинира елементи од македонската историја, фолклор, но и религиски и митски елементи. Просторот на спомен-комплексот често се користи за разни свечености настани и претстави, но и честопати бил и мета на хулигани.

***Значење***

Угледниот белградски архитект Богдан Богдановиќ за Меморијалниот комплекс во Кочани вели: „Во време кога во Европа и во Југославија се сметало дека сѐ е кажано на темата монументални споменици во Кочани се покажани нови иницијации кои монументалното творештво го врзуваат за антиката, пред антиката и за нашата современост и во него препознаваат не само сегашност, туку и иднина. Мајсторе, сега си протомајстор".





# КРУШЕВО МАКЕДОНИУМ

## ЕДНА ОД 10-ТЕ НАЈУНИКАТНИ ЗГРАДИ ВО СВЕТОТ

***Локација***

83 км од А1, 120 км од Охрид, 135 км од Скопје.

Споменикот „Илинден“, познат уште како „Македониум“, претставува еден од најпознатите и најкомплексните споменични објекти во земјата. Подигнат е во чест на Илинденското востание против турската власт во 1903 година, како и Првото заседание на АСНОМ одржано во 1944 година, на кое беа удрени темелите на слободната македонска држава. Овој споменик е олицетворение на вековната борба и стремеж на македонскиот народ и другите заедници за слободна и независна држава. Сместен е во прекрасниот предел на Крушево на надморска височина од 1.300 метри, на локација на која се смета дека била прогласена Крушевската Република во 1903 година.

***Историја***

Овој споменик на културата заштитен со закон е отворен на 2 Август 1974 година на 30-годишнина на Првото заседание на АСНОМ и 71-годишнина на Илинденското востание. Постапката за изградба започнува во 1968 година кога е формирана Комисија на собранието, а на 6 мај 1970 година е избрано ова идејно решение од вкупно осум доставени труда.

**УЛ. НИКОЛА КАРЕВ БР. 62, КРУШЕВО**
41.376324, 21.247793



***Автори***

Автори на овој споменичен комплекс се брачниот пар Јордан (1925 – 1986) и Искра Грабулоски (1936 – 2008), а во осмислувањето на комплексот учествуваат и познати македонски сликари. Искра била ќерка на познатиот македонски повоен политичар Борис Спиров. Таа студирала во Скопје каде се сретнала со Јордан, еден од најпознатите македонски скулптори и учесник на Народноослободителната војна. Станале и извонредни партнери во уметноста. Интересно е да се нагласи дека во рамките на создавањето на комплексот, постои тензија помеѓу авторите, кои се залагале за апстрактен и модернистички пристап, и комисијата која фаворизирала традиционални и фигуративни компоненти. Особено конфликт настанал околу изгледот на релјефите во внатрешноста на куполата. Изградба се одолжила, а во еден момент престанала и комуникацијата помеѓу Јордан и комисијата. Еден дел од идеите на авторите не се реализирани, како изградбата на мултифункционален амфитеатар под објектот и амбиенталното осветлување.



***Опис***

Спомeничниот комплекс се простира на површина од 12 хектари. Започнува со скулптурата „Раскинати прaнги“, која ја симболизира слободата. Следи крипта во кога се изгравирани 58 значајни личности, настани и локации поврзани со Илинденското востание. Потоа следи и отворен амфитеатар опкружен со колоритни мозаици крупнaта пластика на познатиот македонски сликар Петар Мазев, токму пред главниот објект. Комплексот завршува со позната купола во бела боја, висока 12 метри, која нуди поглед кон градот Крушево и неговото опкружување.

Приближувајќи се до влезот на куполата, обрнете внимание на влезната врата која има симболична форма на буквата „М“. Во внатрешноста на објектот се наоѓаат осум релјефи групирани по два и симболично посветени на клучните процеси во македонската ослободителна борба во периодот од Илинденското востание до крајот на Втората светска војна. Тука се прикажани (од лево кон десно): 1. Оплодување, 2. Развој на ембрионот, 3. Борба за слобода, 4. Напад на Крушевска република, 5. Поделбата на Македонија, 6. Борбата на партизаните за време на Втората светска војна, 7. Изгрејсонце и 8. Македонија како „јаболко на раздорот“.



***Внатрешност***
Внатрешноста на куполата импресионира и со четирите витражи (дело на познатиот македонски сликар Борко Лазески), како и со вечниот пламен и звуците на ораториумот „Сонце на прастарата земја“ од Тома Прошев. Во објектот има четири големи прозорци насочени кон локации значајни за Илинденското востание.

Од 1990 година во објектот се наоѓа и гробот на Никола Карев, претседателот на десетдневната Крушевска Република.

***Значење***
Споменикот беше прикажан на првата серија на македонски денари издадени во 1992 година по осамостојувањето на земјата. Списанието „Architectural Digest“ во 2016 година го вклучи овој објект во листата на седум воодушевувачки примери на бруталистичката архитектура, а австралиското списание „Architecture & Design“ го вброи овој објект во листата на 10 најуникатни згради во светот.



# ТАНЦ НА НЕПОКОРОТ

## ВО ПРИЛЕП

**Локација**
50 км од А1, 133 км од Скопје, 109 км од Охрид.

Могилата на непобедените претставува меморијален комплекс посветен на загинатите борци во Народноослободителната војна и се наоѓа во Спомен-паркот на револуцијата во Прилеп.

**Историја**
Прилеп има големо значење за Народноослободителната војна, особено отпорот кон фашистичкиот окупатор. Во овој град на 11 октомври 1941 година започнува востанието против фашизмот, датум кој се одбележува како државен празник во нашата земја. Повеќе од 8.000 луѓе од овој крај учествувале во ослободителната војна, повеќе од 650 борци загинале, 15 партизани биле прогласени за народни херои, а 141 – се стекнале со „Партизанска споменица – 1941“. Градот го добил и орденот „Народен херој“ во 1975 година.

**Автор**
Автор на овој меморијален комплекс е познатиот архитект, професор и градоначалник на Белград Богдан Богдановиќ (1922 – 2010). Познат е по голем број меморијални споменици на територијата на поранешна Југославија, вклучувајќи го и споменикот „Каменов цвет“ во логорот Јасеновац, Хрватска.

Во 1960 година започнува иницијативата на тогашниот градоначалник на градот за изградба на меморијален комплекс. Авторот е контактиран од страна на властите со желба објектот да биде завршен за одбележувањето на 20-годишнина од востанието против фашизмот, што и е постигнато. Објектот е отворен на 11 Октомври 1961 година, а ова дело е едно најбрзо завршените дела на Богдановиќ.

**ПАРК НА РЕВОЛУЦИЈАТА, ПРИЛЕП**
41.334025, 21.554609



**Опис**

Споменикот е со полукружна форма со внатрешен дел поплочен со бели мермерни плочки. На споменикот се испишани имињата на 462 паднати борци од овој крај, по азбучен ред, а во криптата се наоѓаат нивните посмртни останки. Во атриумот се издигаат осум мермерни урни (направени од познатиот прилепски мермер – сивец, високи од 3 до 5 метри) кои, според едни автори, го симболизираат формирањето на партизанските одреди и нивно прераснување во поголеми воени формации. Најголемата урна со симбол на вечен пламен ја претставува непокорноста на македонскиот народ. Според други автори, осумте монолити претставуваат композиција на танчарки кои играат околу повисоката фигура „божица“ во ритам на традиционален македонски танец.

До споменикот се оди по поплочен каскаден приод, на кој на самиот почетокот од левата страна се наоѓаат спомен-бистите на хероите од овој крај.
Значајно е да се нагласи дека авторот во композицијата не вклучува знамиња, вечен оган или петокраки што било многу често во овој период, со што постигнува комуникација со посетителите надвор од идеолошките рамки од кои произлегува.

Могилата на непобедените е прикажана на грбот на Градот Прилеп.



# ОГНИШТЕ НА ТАТКОВИНАТА

## ВО СТРУМИЦА

**Локација**
34 км од А1, 143 км од Скопје
Спомен-костурницата се наоѓа на ридот Самораница во Струмица.

Сместена на надморска височина од 327 метри, Спомен-костурницата претставува вечен дом на загинатите борци на Народноослободителна борба од овој крај. Меѓу другото, во Костурницата се наоѓаат посмртните остатоци на Благој Јанков – Мучето, Герас Цунев, Сандо Масев, Васил Сурчев, Киро Абрашев и др.

**Историја**
Изградбата на објектот е започната во 1979 година, а отворен е на Денот на борецот, 4 Јули 1982 година кога и се пренесени моштите.

**Автор**
Благој Колев (1930), професор на Архитектонскиот факултет во Скопје и автор на повеќе објекти во модернистички стил, вклучувајќи ги зградата на „Нова Македонија“ и Стопанска банка во Скопје, е авторот на овој споменик.

**Опис**
Споменикот е изграден во бел мермер. На платото се наоѓа аулата со саркофагот од кафеав мермер и е градено во замисла на отворен амфитеатар, а мермерните платна се во форма на раскинати ланци, раскинато ропство. Стиховите „Татковино огниште разгоривте, древни темели зацврстивте, простор немирлив засводивте, во својата срцевина“ на Коце Солунски се запишани пред влезот во аулата.

**УЛ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ, СТРУМИЦА**
41.431736, 22.635247

# ПОБЕДА И ВО ПОСЛЕДНИОТ ОСЛОБОДЕН ГРАД

## ТЕТОВО

**Локација**
44 км од Скопје, 48 км од А1

Споменикот „Победа“ се наоѓа во центарот на Тетово. Кај локалното население овој споменик е познат и како „Споменик на револуцијата“ или „Споменик на Жената Борец“.

**Историја**
Тетово беше последниот ослободен град на територијата на нашата земја. За изградбата на споменикот бил објавен конкурс на кој победи идејното решение на Борка Аврамова. Борка Аврамова (1924 – 1993) е родена Тетовчанка, која дипломирала скулптура на Академијата за ликовни уметности во Загреб. Аврамова е првата македонска академска вајарка која својата прва самостојна изложба на скулптури ја организираше во 1954 година во Скопје што воедно беше и првата самостојна изложба на жена-уметник во нашата земја.
Споменикот е изграден во 1961 година и бил поставен пред тогашната зграда на Општина Тетово. Во 1965 година оваа зграда е урната, а на нејзино место е изграден Домот на културата.

**Опис**
Споменикот го сочинуваат женска фигура и релјефна композиција со мотив од народноослободителната борба во Втората светска војна. Женската фигура е излеана во бронза во цел раст и со стоечки став, поставен на носач од бетон. Делото го карактеризира едноставност и скромност, а изведено е во модерна форма, без класични анатомски пропорции, што го карактеризира опусот на Аврамова.



**УЛ. МАРШАЛ ТИТО, ТЕТОВО**
42.009367, 20.972354



***Значење***

Според Миодраг Колариќ, „слично на Ивана Кобилица во словенечката и Надежда Петровиќ во српската уметност, Борка Аврамова веќе на својот прв настап покажа задивувачка сила на изразот и пробивен скулпторски темперамент. Не на прв поглед, зашто, пробивајќи се низ замрсениот сплет на современите стилски и тематски сфаќања, ѝ втисна печат на својата моделација и својата материја со еден фин, мошне чувствителен и поетичен начин на профилација, отстапувајќи од објективниот свет само толку колку што тоа отстапување бараше еден одреден и логичен стилски континуитет". Ова дело е присутно во голем број југословенски публикации за вајарство. Доколку патувате за Охрид, овој споменик претставува идеална попатна станица.



# СВЕТО МЕСТО НА ШТИПСКИОТ ИСАР

***Локација***
76 км од Скопје, 41 км од А1

Меморијалниот комплекс на паднатите борци на Револуцијата се наоѓа на источната страна на Штипската тврдина. Посветен е на партизаните кои загинале во Втората светска војна.

***Историја***
Во текот на шеесеттите години на минатиот век е покрената иницијатива за изградба на адекватен објект за сеќавање на паднатите борци од Штип. На објавениот конкурс победил познатиот белградски архитект Богдан Богдановиќ (1922 – 2010) кој е автор и на Могилата на непобедените во Прилеп. Изградбата на овој меморијален комплекс траела 5 години и истиот е свечено отворен на 30-годишнина од ослободувањето на градот Штип (8 Ноември 1974 година).

**ИСАР, ШТИП**
41.737779, 22.186461

**_Опис_**

Споменикот е поставен во специфичен терен. Опфаќа две платоа поврзани со стрмни скали. На долното плато се поставени 3 мермерни столба (со висина од околу 3 метри) групирани во еден вид симболична влезна порта. Качувајќи се кон горното плато, од левата и десната страна на скалите можете да ги забележите имињата на дел од загинатите борци. На горното плато се наоѓаат 12 споменици (монолити) од бел мермер, со висина од околу 2 метри и обликувани со разновидна геометриска орнаментика – розети. Тие се поставени околу камена урна со слична висина под која се наоѓа криптата со посмртните останки на борците.

Монолитите се слични, но содржат различни елементи и симболи. За симболизмот на оваа композиција постојат повеќе гледишта. Ако обрнете внимание на горниот дел на спомениците, ќе забележите дека завршуваат со специфична форма слична на рог, кои некои автори ги поврзуваат со миноска цивилизација (најстарата европска цивилизација на островот Крит) каде овие форми означувале дека местото е свето. За симболите кои се наоѓаат на средината на спомениците исто така постојат повеќе гледишта (сонцето како симбол на нашата земја, елементи кои потсеќаат на филигран, фигуративен афионов цвет, но и гледиште дека спомениците претставуваат еднооки Киклопи, како најдеструктивна сила на природата и симбол на фашизмот).

Овој простор нуди прекрасен поглед кон градот и пошироките краj. Се користи за комеморативни настани, но и честопати бил мета на хулигани.



# ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

**Официјално име:** Република Северна Македонија

**Површина:** 25.713 км$^2$

**Население:** 2.022.547 (2002)

**Главен град:** Скопје

**Аеродроми:** Меѓународен аеродром Скопје и Меѓународен аеродром „Св. Апостол Павле"– Охрид

**Валута:** денар (курс за размена: 1 евро = 61,5 денари)

**Јазик:** македонски јазик и кирилско писмо како и јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните (албански јазик) и неговото писмо, согласно Закон. Другите заедници во земјата зборуваат и турски, српски, ромски и влашки јазик.

**Религија:** околу 65 % од населението припаѓаат на православно-христијанската религија; околу 33 % – муслиманска вероисповед, останатите – католици, протестанти, Евреи итн.

**Државни празници:** 1 јануари (Нова година), 7 јануари (Божик), Велигден и втор ден на Велигден, 1 Мај (Ден на трудот), 24 Мај (Св. Кирил и Методиј – Ден на сесловенските просветители), прв ден на Рамазан Бајрам, 2 Август (Ден на Републиката), 8 Септември (Ден на независноста), 11 Октомври (Ден на народното востание), 23 Октомври (Ден на македонската револуционерна борба) и 8 Декември (Св. Климент Охридски).

**Национални паркови:** Пелистер, Маврово и Галичица

**Работно време:** државни институции (понеделник – петок, од 8:30 до 16:30), приватни бизниси понеделник – петок, од 8:30 до 20:00, сабота од 09:00 до 15:00). Продавниците во туристичките места во сезона, како и големите трговски центри, работат и во недела.

**Важни броеви**
Повикувачки број за земјата +389
Полиција 192
Противпожарна бригада 193
Брза помош 194
Регионален центар за управување со кризи 195
АМСМ помош на патишта 196

# ЗА ПРОЕКТОТ

Оваа публикација беше подготвена во рамките на проектот „Споменици и бруталистичка архитектура во Северна Македонија: Поттикнување на туристичката промоција за поддршка на локалниот развој“ имплементиран од страна на Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје. Главната цел на проектот е да се поттикне локалниот развој преку мапирање на локации и развој на нова и автентична тура која домашните и странските туристи ќе можат да ги искусат преку користење на нови иновативни алатки за туристичка промоција.

Проектот „Споменици и бруталистичка архитектура во Северна Македонија: Поттикнување на туристичката промоција за поддршка на локалниот развој“ беше финансиран од грант на Проектот за развој и промоција на туризмот на Регионалниот совет за соработка (РСС). Проектот на РСС е финансиран од страна на Европската Унија и е имплементиран во обид да се придонесе за растот и конкуренцијата на шест економии од Западниот Балкан преку поддршка за развој и промоција на заедничката регионална, културна и алтернативна понуда.

Одрекување од одговорност:
Оваа публикација е подготвена преку грант на Проектот за развој и промоција на туризмот на Регионалниот совет за соработка, финансиран од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Институтот за стратешки истражувања и едукација и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на Регионалниот совет за соработка или Европската Унија.



BALKAN MONUMENTAL TRAIL
Regional Cooperation Council
This project is funded by the European Union
ИСИЕ

Од Македониумот во Крушево преку македонската „Герника“ покрај автопатот А1 во Велес до уникатната бруталистичка архитектура на Скопје, искусете ја најуникатната тура во земјата!
Откријте заборавени приказни и локации за кои зборува светот и кои се дел од Балканската споменична рута!

***www.monumental.mk***
***www.isie.org.mk***